УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК



ГОДИНА 3 БРОЈ 3

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

ISSN 1857-8659

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2012

**ГОДИНА 3** **БРОЈ 3**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**


**За издавачот:**
проф. д-р Илчо Јованов



**Издавачки совет:**
проф. д-р Саша Митрев
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Редакциски одбор:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Главен уредник:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска

**Одговорни уредници:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски

**Јазично уредување:**
Даница Гавриловска-Атанасовска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов


---


**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Факултет за музичка уметност
бул „Крсте Мисирков" 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

Vol 3, No 3 (2012): ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2012 **ISSN 1857- 8659**

# Table of Contents

## Articles

**С О Д Р Ж И Н А**

78: 316.7 78:7.05
**Проф. д-р Стефанија Лешкова - Зеленковска**
Предизвиците на глобалната музичка култура во 21 век ................................................5-14

781.63:78.071.1
**Проф . м-р Валентина Велковска Трајановска**
Рихард Штраус – аспекти на оркестарскиот јазик
и симфониската поема „Дон Кихот“ ...........................................................................15-24

781.63:78.071.1
**Доц. м-р. Гоце Гавриловски**
Оркестрациска и темброва идеја и нивната звучна материјализација
во „Болеро“ од Морис Равел .........................................................................................25-34

781..42/.42:78.083.3[:78.071.1
**Доц. м-р Тихомир Јовиќ**
Полифонијата во композицијата „Fantasia Corale“ од
Томислав Зографски (1934- 2000)...................................................................................35-41

781.11:[784.5:78.071.1
**м-р Ивана Јанков**
Акордската структура застапена во вокалната кантата„Псалми“ од Стојан Стојков ..43-52

78.071.1:791(497.7)
**Доц. м-р Александар Трајковски**
Уделот на домашните композитори во создавањето на музиката за
македонските играни филмови ......................................................................................53-63

781.68:780.616.433
**Доц. м-р Ангеле Михајловски**
Значењето од примената на прстната гимнастика во решавањето на
техничките проблеми при пијанистичката интерпретација ..........................................65-69

78:37.02: 159.947
**Доц. д-р Владимир Талевски**
Значењето на мотивацијата во музичко воспитно- образовниот процес .......................71-79

78:376-056.45:[173.7:37.011.3-051
**м-р Ленче Насев**
Улогата на семејството, наставникот по музичко образование и учебникот во
откривање и поттикнување на музички талентирани ученици ......................................81-86

78:37:004.946
**м-р Дуња Иванова**
Децата и музиката во виртуелната реалност ...............................................................87-94

78:373.3:159.9.072
**м-р Теута Халими**
Примена на Гордон тестот за испитување на музичките способности на учениците
во прво одделение (албански наставен јазик) на основните училишта во Тетово .......95-105

780.6:398.8(497.7)
**Доц.м-р Горанчо Ангелов**
Музичките инструменти во македонските народни песни ..........................................107-129

781.7(497.7)
**Проф.д-р Илчо Јованов**
Основни карактеристики на музичкиот фолклор во Република Македонија............131-134

78.071.1:792.8:[061.1:793.3
**Доц. м-р Владимир Јаневски**
Кореографското творештво на Трајко Прокопиев во ансамблот „Танец .................135-139

793.3:37(497.731)(091)
**Доц. д-р Соња Здравковска- Џепаровска**
Балетската едукација во Штип .........................................................................141-147

781.1:[784.4:392(497.7)
**Проф. д-р Родна Величковска**
Ороводните песни и нивната и нивната територијална дистрибуција во
македонското традиционално обредно пејачко изразување .......................................149-154

398.332.16:793.31(497.7)
**Проф. д-р Оливера Васиќ**
Русалиски поворки – сличности и разлики со други поворки ...................................155-159

392.5:784.4(497.735)
**м-р Тимко Чичаковски**
Свадбениот циклус во Малешево .........................................................................161-168

793.3:793.31(497.7)
**Благица Илиќ**
Релевантни етнокореолошки карактеристики на орото Ибраим Оџа-
претпоставка за следење на регионалната идентификација .......................................169-179

793.31(497.761)
**Марјан Андоновски**
Стилски карактеристики на орото кај Мијаците .......................................................181-188

793.31(497.732)(091)
**Стојанче Костов**
Историски аспекти на орската традиција во Овче Поле ............................................189-195

793.31:792.8(497.734)
**Сашко Атанасов**
Методски аспекти наората во Пијанец ....................................................................197-218

793.31(497.7)(091)
**Фросина Мариновска**
Орската традиција во селото Врбјани –Прилепско поле ............................................219-226

793.31(497.712)
**Елена Трајчева**
Поводи и места за играње во етничкиот предел Скопска Црна Гора .........................227-233

78:37.02: 159.947

Д-р Владимир **ТАЛЕВСКИ**
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" Скопје/УКИМ

# ЗНАЧЕЊЕТО НА МОТИВАЦИЈАТА ВО МУЗИЧКО ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

***Вовед***

Мотивација претставува насочување на човечката активност кон одредена посакувана цел со помош на мотиви. Мотивацијата има големо влијание на човековата активност. Интензитетот, активноста, стабилноста, напредувањето на индивидуата во работниот однос во најголем дел зависи од мотивацијата. Мотивацијата има големо влијание во формирање на знаењето, постапката и вештините.

Мотивацијата е теоретски поим кој објаснува, зашто луѓето (животните) избрале начин на однесување во една одредена ситуација, како на пример зошто сакаме повеќе да танцуваме, отколку да работиме, или пак повеќе да седиме отколку да вежбаме. *Можеме да претпоставиме дека нашиот организам е неподвижен се додека еден мотив не започне да делува*.

На често поставеното прашањето: „Зашто човекот се однесува на таков начин", одговорот треба да го бараме во мотивот, кој што е доследен за активирање на човечкиот мотивацијски процес. Основните мотиви се органски и психолошки двигатели на човекот при исполнувањето на неговите цели. Гладниот човек се активира со готвење, оди во ресторан, дејствува за задоволување на неговите потреби.

На веќе поставената дефиниција за мотивација воопшто, се формираат различни толкувања како дефиниција и за музичко воспитно – образовен процес. Мотивацијата во музичкото образование опфаќа ќе што поединецот го активира во процесот за изучење на музика, како што е: свирење на музички инструменти, пеење, му дава интезитет, траење, и го води во реализација на поставената цел.

Мотивите не можат да се реализираат, се додека не се појави соодветно мотивирано однесување или „внатрешна состојба што го предизвикува, насочува и одржува однесувањето" (Woolfolk 2002: 318). „Нема учење без мотивација" (Pečjak 1986: 22).

**Надворешна и внатрешна мотивација**

Музиката по својата природа е тесно поврзана со човечката внатрешна мотивација и во различни форми го следи од раѓањето па се до смрта. „...поединецот музички се едуцира и е вклучен директно во музичката настава, за да го задоволи интересот на неговите родители, при што со тоа да биде награден, преставува надворешна мотивација" (Ротар, 2006).

При внатрешната мотивација, се соочуваме со внатрешно мотивиран ученик, кој што не го интересираат надворешните цели, како на пример оцена, настап или нова композиција. Но, кај децата повеќе доаѓа до израз надворешната мотивација. Децата најлесно ги мотивираме, кога ќе им кажеме: „Доколку добро ја научиш оваа композиција, наредниот пат ќе настапиш на концерт". Во ваква ситуација, ученикот е мотивиран од надвор (наставникот). Надворешно мотивираниот ученик се активира поради надворешните последици (оцена, награда, настап). Но, тогаш настанува проблем. Надворешната мотивација не е постојана, често се појавува и пасивност од страна на ученикот. Може надворешната мотивација да премине во внатрешна доколку ученикот покаже интерес за надворешните позитивни фактори. Внатрешно мотивираниот ученик нема потреба од стимулација како при надворешната мотивација. Тогаш работата на ученикот сама по себе претставува награда. Понекогаш постои мислење дека внатрешната мотивација е поважна, но денес можеме да видиме дека и двете видови на мотивација се подеднакво значајни. Кога поединецот во процесот на музичкото образование се едуцира со некоја музичка  активност, затоа што во самиот процес поединецот доживува внатрешно задоволство, преставува внатрешна мотивација. Peter Davies, меѓу другото ќе забележи: „Мотивацијата е храна за умот. Не е доволен само еден оброк. Потребно е да се храниме постојано и редовно".

Основната внатрешна мотивација е преставена со љубопитност и интерес. Љубопитноста е присутна на почетокот кај секоја мала и млада личност, а неговата желба ќе се исполни со откривање на нешто ново. Детето со самото доаѓање на свет се сретнува со звучната околина, истата ја осознава спонтано, а покасно почнува физички да ја проучува. Од семејството е зависно во која мера ќе го открие музичкиот свет, како и начинот на откривање, бидејќи музичко истражувачката љубопитниост на децата е тесно поврзана со нивната креативност. „... и затоа е важно наставниците да ја развиваат во времето на нивносто школување" (Ротар, 1995).

На основа на музичкот искуство секој поединец ги формира своите музички интереси. При наставата по музичко образование, разликуваме интереси за музички активности и нитереси за музичката содржина. Интересите за музичките активности го отвараат патот до музичкиот свет, со нив се зголемува интересот за музичката содржина. Важната улога на наставниците е во наставата да ги откријат музичките инетереси на учениците и да го вклучат во наставата. Со нив ја утврдуваат внатрешната мотивација кај учениците и за различни музички активности развиваат нови интереси.

„Најчести средства на кои се темели надворешнта мотивација во музичкото образование се: пофалба, награда, оцена, казна, опомена, повратна информација, соработка и натпреварување” (Ротар,1995). Мотивациската пофалба и опомена преставуваат реакција на наставникот на резултатите на музичките активности на учениците. Важно е да не се опширни, и да се насочат кон музичката активност на учениците, како на пример, наставникот за изведба на вокална композиција ги пофалува само тие ученици кои во активноста вистински соработувале. Наставникот при музичката настава мора да го пофали напредувањето на секој ученик, но исто така мора да биде свесен дека некои ученици по природа пеат убаво, а некои  немаат најдобро развиени музички способности, тие  треба да ги поттикнува.

„При секојдневното музичко образование наставниците често пати употребуваат различни мотивациски награди и казни” (Ротар, 1995). На часовите по музичко образование најпримерни се музичките награди, како на пример: ученикот е награден сам да избере композиција за слушање, при свирење на ДМУ сам да направи избор на кој музички инструмент ќе свири и др. Но кога учениците ќе ја поминат границата, наставниците не смеат да одбегнат некоја форма на казна, за кои што е многу важно истата да се прикаже симболично.

Значително важно средство за надворешната мотивација се оцените, како и повратните информации. Со оцените наставникот ја вреднува работата на учениците и ја класифицира во можност на нивната музичка компентентност, при што не е од големо значење да им каже дали сработиле добро или слабо. Наспроти од ова со повратната информација наставникот учениците ги информира, колку добро ја завршиле својата муизичка задача, им дава понатамошни упатства  за подобрување на музичката активност. „Оцената при музичката настава има контролна функција, а повратните информации информативна функција” (Ротар, 1995).

Музичките активноости во наставата се тесно повразни со мотивациската соработка и натпреварувањата. Соработката се покажува при пеењето или свирењето на музички инструманти во различни групи. Учесниците во таквите групи се свесни дека со својата интепретација допринесуваат за резултатите кон целата група, на тој начин во нив се развива чувства на припадност и одговорност. На пр. поединец да не е способен да работо во група, да не развие чувства на припадност, се елиминира самиот или е исклучен од групата. Во музичко образовниот процес присутен е натпреварувачки дух, кое го зголемува интересот и поттикнува со поголема музичка активност да се достигне поголем резултат, што на другата страна допринесува многубројни негативни реакции на поразените ученици. Затоа, потребно е музичките педагози да внимаваат посебно во таквите натпреварувачки активности, главна цел да биде музиката.

Музичките педагози мораат да бидат свесни дека при музичката активност е присутна и внатрешната и надворешната мотивација. Самата музика и музиката самата по себе, го исполнува човекот со внатрешно задовослство и го прави среќен, така што при музичката настава учениците се среќаваат со содржини за кои немаат толку голем интерес. Затоа наставниците со почетна надворешна мотивација можат доста да им помогнат и да ги насочат кон содржината да им стане се повеќе интересно. „Надворешната мотивација постепено зазема место во внатрешната мотивација. Наставниците мораат да бидат внимателни дека учениците за посебни музички содржини се внатрешно мотивирани, а другите содржини ги извршуваат задачите затоа што мораат" (Ошлак, 1997).

## Изведувачка мотивација

Во музичкото образование (основните музички училишта и основните училишта), во последно време е доста актуелна изведувачката мотивација. Таа се темели на индивидуалните проблеми за достигнување на музичките активности. „Во различни изведувачки ситуации, кај секој ученик вообичаено се јавуват две страни: желба за музички успех и страв пред музичкиот неуспех" (Ротер, 1995). Така што првото гледиште се карактеризира позитивно, другото како негативна изведувачка мотивација.

Учениците кои се високо изведувачко мотивирани и при кои преовладува желбата за музички успех, е карактеристично тоа што си поставуваат реални музички цели (кои можат да одговорат на истите),

и се подготвени за достигнување на посакуваниот резултат да дадат се од себе, без разлика дали некој ги контролира и дали за својата музичка активност ќе бидат наградени. Од другата страна има ученици, кај кои преовладува страв пред музичкиот неуспех. Тие ученици најчесто си поставуваат нереални музички цели, т.е. се насочуваат на премногу лесни или тешки музички задачи, така што нивната индивидуална одговорност за музичичкиот успех или неуспех е помала. Тоа се гледа пред се од ситуации во кои мислат дека нивните музички активности ќе бидат вреднувани по некои стандарди.

Изведувачката мотивација е стекната човечка особина, за нејзиното формирање влијаат голем број фактори, од нив ќе издвоиме неколку: социјално – културните фактори, социјално – економскиот статус на семејството во општеството, како и вредувањето и насоченоста на пошироката околина.

„Во формирањето на изведувачката мотивација големо влијание имаа пред се родителите и наставниците”(Ротар,1995). Кога по музичкиот успех учениците бидат пофалени, а музичкиот неуспех не го потенцираме, кај децата ќе се развие позитивна изведувачка мотивација. Тоа значи кај учениците да се поттикне индивидуалната музичка иницијатива, да им се помогне да постават примерна цел и мерило за успех. Како пример на детскиот музички неуспех да има негативна реакција, со тоа се предизвикува страв пред неуспех, кој покасно се манифестира со фрустрација, анкциозност и други проблеми од психичка природа.

## Влијанието на социјалните фактори на мотивацијата на часот по музичко

*Семејство, врсници и пошироката околина*

На мотивацискиот став на учениците големо влијание имаат многубројни социјални фактори. Голем дел од детската социјализација се развива во семејниот круг, поточно семејството значително влијае на мотивацијата кај децата. За детската општа и музичко образовна мотивација е значајно, откривањето на музичкиот свет да не биде ограничен од страна на родителите, во спротивно детските музички способности нема да се развиваат. Воспитувачкиот пристап на родителите кај децата развива позитивна или негативна изведувачка мотивација. Значајно место завземаатт децата во семејството, тие своите мотиви, гледишта, инспирации, желби и интереси ги развиваат на подлога со индетификација

со родителите, брат, сестра. Тоа говори, доколку се тие музички активни (професионално, аматерски), и го поттикнуваат семејното музицирање, кај децата ќе се развие мотив за музичко делување и образование. „На детската мотивација за музичко образование големо влијание има економската положба на семејството, кој во голема мера и пресудува, дали децата воопшто ќе имаат можност за музичко образование„. (Ротар, 1995).

Позитивното или негативното влијание на мотивацијата произлегува и од своите врсниците, со кои детето учествува или се натпреварува при различни музички активности. Влијанието на врсниците се зголемува пред се во периодот на адолесцентност, кога учениците почнуваат да ги одбиваат вредностите на родителите и наставниците. Доколку се врсниците воодушевени од музичките активности, тогаш самите ќе ја задржат мотивацијата за музичката активност. На пр., врсниците да покажуваат интерес за други активности, со тоа ќе влијаат на поединецот да се намали неговата музичка мотивација. Доколку поединецот е високо внатрешно мотивиран, нема да подлегне под негативното влијание на врсниците, кои ја загрозуваат неговата мотивација.

На индивидалната мотивираност за музичкото образование влијаат и општите семејни односи. Доколку детето во околината го препознава позитивниот однос кон музиката, со тоа се поттикнува неговата мотивација за соодветните музички актовности. Во последно време, авторите на учебници за музичко воспитување се обидуваат да влијаат на мотивацијата кај децата, со тоа што во учебниците со примери од не музичка вредност се обидуваат да го зголемат интересот за музичките содржини.

*Влијанието на воспитувачите/музичките педагози и наставници*

Во музичко образованиот процес на мотивацијата кај децата од најрана возраст, одлучувачки влијаат и музичките педагози, кои преставуваат важен дел во реализација на музичката активност. Во воспитно – образовната работа, истите, се сретнуваат со различни видови на ученици. Секој од нив е посебна индивидуа, со различни музички способности, вештини, интереси, цели, потреби и информации. Секој ученик за музиката е различно мотивиран, затоа наставниците мораат што повеќе да ги осознаат општите карактеристики на учениците, мотивите и целите и креативно да ги вклучат во музичко образовната стратегија. При реализација на наставните содржини и во согласност на музичките

интереси на учениците, наставниците мораат да постапуваат по примери на индивидулизација, со примена на дидактичките принципи.

На мотивираноста на учениците за музичко – воспитно образовниот процес влијае и мотивациската природа на наставниците, како и на музичките педагози. Доколку се заинтересирани за музичка педагошка работа и за наставната содржина, со тоа позитивно ќе делуваат и на своите ученици, кои најчесто ги набљудуваат. На пример, доколу со активноста музичко, или предметот музичкото образование, кога би имале така наречен „службен однос", на тој начин негативно ќе влијаат на мотивацијата кај учениците во реализација на било која музичка активност. Наставниците секојднево се среќаваат со различни воспитно – образовни и стручни проблеми, како на пример: со ученици со слабо развиени музички способности, со ниско мотивирани ученици, со потценување на музичко падагошката работа. „На мотивацијата на наставниците влијае организацијата на часот која е од исклучителна важност за музичко педагошкото образаование". (Ротар, 1995).

„За успешна работа на часот по музичко, од голема важност е наставниците со учениците да воспостават позитивен контакт која е основа, за мотивација на музичките активности. Наставникот на учениците мора да се престави како сигурна и доверлива личност, која што со музиката воспоставува позитивен однос. Наставната содржина мора да ја пренесе логички, квалитетно и на интересен начин за учениците да имаат престава за наставникот како динамичен соговорник кои ги разбира нивните потреби и интереси и сето тоа го вклучува во наставата„. (Ротар, 2006).

На мотивацискиот став на учениците влијае и музичко образовната средина за понатамошниот тек на проверување на музичките вештини и знаења. На пример, доколку учениците во детали би знаеле како ќе се одвива часот по музичка настава, тогаш нивната митовација ќе биде намалена. Поради тоа наставниците на часот мораат да применуваат нови постапки, во кои музиката сама по себе треба да содржи новини, на кои учениците ќе реагираат соодветно. Наставниците треба да поставуваат задачи со издржана тежина, која ќе одговара на соодветната возраст на учениците. На пример, ученикот при извршувањето на работната задача да не е успешен, може да се јави верување дека наставникот верувал во неговата компетентност, со што се зголемува ефектот на неуспех. Затоа наставниците мораат да бидат претпазливи, на учениците да им доделуваат задачи подржани со упатство.

Мотивацијата на учениците за време на часот по музичко се зголемува, кога учениците имаат избор во различни музички активности и содржини. Наставникот треба да им понуди избор на најдобри материјали, примена на современи методи, форми и постапки за реализација на музичките содржини.

Музичките педагози мораат да го разберат вистинското значење на мотивацијата во музичката настава. Музичкиот час е во поголема предност од останатите предмети, тој е насочен кон внатрешниот став на учениците. Секоја индивидуа е природно малку мотивирана за музиката, која го прати во текот на животот. Затоа, потребно е наставниците што поскоро да ги откријат веќе постоечките интереси на учениците и да развијат нови интереси за музички активности преку соодветни наставни содржини. На тој начин индиректно мотивацијата влијае и се пренесува на активности и на другите наставни предмети.

* * *

Од предходно изнесеното, можеме да заокружиме мотивацијата има пресудна улога во успехот кај учениците воопшто. На мотивацијата се влијае на повеќе начини, од кои ќе ги издвоиме: квалитетна настава (соодветен стручен наставен кадар, учебници), оценување и постојан поттик во учењето, мотовирачка работна атмосфета во одделението, индивидуален приод.

**Користена литература**

*"Music Teacher Education," in The New Handbook of Research on Music Teaching and Learning:* A Project of the Music Educators National Conference, British Journal of Music Education, (April 18, 2002) Oxford University Press, USA.

Markovic – Rados, K. (1982) *Psihologija muzickih sposobnosti*. Beograd: Zavod za udzbenike

Paul, G. Salomon, Robert, G. Meyer. (1992). *Motes from the green room: coping with stress and anxiety in musical performance*. New York: Maxwell Macmillan International.

Pesek, A., Cagran, B. (2010). *Terapetski vidiki glazbene zgoje*. Muzikoloski zbornik, Ljubljana.

Rajko, P. (1981) *Testiranje u muzici*. Zagreb: Muzikoloski zavod Muzicke akademije

Rotar Pance, B. (2006). *Motivacija- Ključ h glasbi*. Nova Gorica: Educa

Rotar Pance, B. (1995). Notrajna in zunajna motivacija v glasbenem izobraževanju. *Vzgoja in izobraževanje*

Habe, K. (2001). Različni načini obvladovanja treme. *Glasba v šoli*. Ljubljana: Zavod Republike Slovenije za šolstvo.

Horvat, L. Magajna, L. (1987). *Razvojna psihologija*. Ljubljana: Državna založba Slovenije.

Трајкова - Стаменкова, В. (1995). *Психологија*. Скопје: УКИМ